Министерство за финансии

БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

СТРАТЕГИЈА

на Бирото за јавни набавки за развој на системот на јавните набавки 2010-2012 година

Содржина

Вовед 4
Мисија 5
Визија 5
Цели и приоритети 6
Унапредување на правната рамка 6
Унапредување на Електронскиот систем за јавни набавки 6
Компетенции и политики за човечки ресурси 7
Градење на капацитетите на договорните органи и професионализација на функцијата на јавните набавки 8
Збогатување на стручната литература за јавни набавки 8
Ефективен правен систем за јавни набавки 8
Поефективна корисничка поддршка 9
Ефективна транзиција кон пристапувањето кон ЕУ 9
Градење на капацитетите на вработените во БЈН 9
Подобрување на перцепцијата на јавноста за Бирото за јавни набавки 10
Самоодржливост на Бирото за јавни набавки 10
Придонесот на Бирото за јавни набавки кон политиките на Владата и економскиот развој 10
Анти-корупциски мерки 10
Политики и одржливост на зелените набавки 11
Заклучок 11
Акциски план за спроведување на Стратегијата на Бирото за јавни набавки 13

Почитувани,

Задоволство ми е да го претставам овој стратешки документ на сите корисници на услугите на Бирото за јавни набавки.
Бирото има чест да ги сподели со своите колеги активностите и целите што планира да постигне во наредните три години.
Мисијата и визијата во целост ги содржат желбите на Бирото да го поддржат економскиот развој во државата и да придонесат кон нејзиниот севкупен напредок.
Со стратегијата се дава пресек на основните заложби на Бирото, стратешките цели и определби за развојот на националниот систем на јавни набавки.
Постигнувањето на целите ќе придонесе кон појасна перцепција за улогата на Бирото и одржување на довербата на јавноста кон субјектите од јавниот сектор.
Како директор на Бирото за јавни набавки убедена сум дека оваа институција располага со капацитет што ќе овозможи целосна и успешна реализација на оваа стратегија за периодот 2010-2012 година.

Со почит
м-р Маре Богева - Мицовска
Директор

Вовед

Денешното современо поимање на јавните набавки во центарот на своето внимание го има градењето на системот на јавните набавки како сложена целина од фактори на влијание од политичка, економско и финансиска природа, видот и отвореноста на домашната економија, правниот систем, етичките вредности, расположливите ресурси, културните особености, прифаќањето на новите технологии, посветеноста на прифаќање и усвојување на добри меѓународни прописи и практики, намерата за вклучување во европските и светските интегративни текови и др. Така, системот на јавните набавки го сочинуваат јасно и прецизно утврдени и разработени правила и постапки кои субјектите што располагаат со финансиските средства на граѓаните се должни да ги применуваат и кон нив да се придржуваат секогаш кога се вклучуваат и започнуваат со процес кој е насочен кон стекнување на стоки, услуги или работи за своите потреби преку влегување во договорни обврски со економски оператори избрани на конкурентен начин.

Во потесна смисла, системот на јавните набавки, пред сè, го сочинува правната рамка која ги регулира јавните набавки, односно доделувањето на договори за јавна набавка, а тоа е Законот за јавните набавки и неговите подзаконски акти. Меѓутоа, доколку се обидеме пошироко да погледнеме, системот за јавните набавки во една земја, покрај правната рамка која директно се однесува на јавните набавки, го сочинува целокупното делување и однесување на субјектите кои во пракса треба да ја спроведуваат правната рамка за јавните набавки, а тоа се договорните органи определени со закон, економските оператори, правни и физички лица кои учествуваат во постапките за доделување на договори за јавни набавки и јавноста.

Јавните набавки може да се набљудуваат од повеќе аспекти. Едниот, се разбира, е да се обезбеди правилна алокација на ограничените јавни средства и да се добие најдобра вредност за потрошените пари. Тоа е еден од предусловите што ги прави јавните набавки важен фактор за ефикасна јавна потрошувачка. Ефикасниот систем за јавни набавки создава бројни можности за рационално трошење на средствата на даночните обврзници, подобрување на економскиот развој, генерирање вработеност и поголема конкуренција.

Друг аспект е развојот на пазарната економија и поттикнувањето на конкуренцијата. Кога ќе се собере целокупната јавна потрошувачка, може да

се види дека јавниот сектор е голем потрошувач кој сериозно влијае врз целокупната економија на една земја. Лошите и неконкуретни практики на јавниот сектор можат сериозно да го нарушат функционирањето на пазарот. Од тој аспект, системот на јавните набавки претставува еден активен регулатор и инструмент на пазарната економија. На тој начин се потврдува активниот однос на државата во поглед на стимулирање на приватниот сектор, посебно кога е во прашање развојот на малите и средните претпријатија.

Усогласувањето на националните системи на јавни набавки на земјите – членки и земјите – кандидати за членство, е еден од најважните инструменти за јакнење на внатрешниот пазар и отстранување на пречките за слободна трговија во рамки на ЕУ. Јавните набавки во ЕУ претставуваат значаен пазар и зафаќаат дури 13,5% од бруто домашниот производ на Унијата.

Јакнењето на информатичкото општество, зголемените барања за рационално користење на јавните средства, како и потребата јавните набавки да станат активен инструмент на националните економски политики, се основни двигатели и цели на националниот систем за јавни набавки.

Мисија

Бирото за јавни набавки (во натамошниот текст: БЈН) пред себе има мисија да ѝ овозможи на Република Македонија сигурен и безбеден систем за јавни набавки кој ќе ги исполни сите барања за транспарентност, еднаков третман, отвореност и ќе биде официјалниот извор за стручни информации и совети за добри практики на јавните набавки. Со цел да го постигнеме ова, БЈН ќе ги развие капацитетите на своите луѓе и ќе продолжи со негувањето на позитивните односи со своите колеги, соработници и деловната заедница.

Визија

За да ја исполни својата мисија, БЈН пред себе ја има следнава визија:

- Во период од три години целиот јавен сектор и деловната заедница ќе го прифатат БЈН како најрелевантен извор на стручни совети за сите учесници во процесот на јавни набавки,
- БЈН ќе продолжи да бара зголемување на независноста во процесот на креирање на политиките на јавните набавки,

- Исто така, БЈН значително ќе помогне во намалувањето на корупцијата и можностите за злоупотреби во јавните набавки,
- Во период од три години електронските аукции ќе бидат најчестиот начин на кој ќе завршуваат постапките за доделување на договори за јавни набавки,
- Директорот и вработените во БЈН ќе ги развијат своите лични вештини и знаења и на тој начин ќе бидат од голема корист на Република Македонија во процесот на пристапување кон ЕУ.

Цели и приоритети

Унапредување на правната рамка

Во наредниот тригодишен период БЈН континуирано ќе го следи развојот на домашното и европското законодавство во областа на јавните набавки, со цел идентификување на потешкотиите во фунционирањето на системот на јавни набавки во земјата и предлагање на соодветни и издржани решенија за нивно надминување преку законската рамка.

Приоритет во развојот на домашната законска рамка на системот на јавни набавки ќе биде даден на натамошно усогласување со прописите за јавни набавки на ЕУ, како и имплементација на добрите практики во јавните набавки кои ги применуваат земјите членки на ЕУ и подобрување на кохерентноста и логичниот редослед на правната рамка како целина која ги регулира јавните набавки во Република Македонија.

Во фокусот на вниманието при развојот на законската рамка на системот на јавни набавки ќе биде и засилувањето на системот на правната заштита во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

БЈН сериозно ќе ја разгледа можноста од преземање на концесиите за работи и услуги и нивно интегрирање во системот на јавните набавки.

Унапредување на Електронскиот систем за јавни набавки

Целта е зголемено и олеснето користење на електронскиот систем за јавни набавки (вклучително и електронските аукции), што треба да резултира со остварување заштеда на буџетски средства и зголемување на

транспарентноста во постапките на јавни набавки. За таа цел се планираат следниве активности:

- Натамошно подобрување на функционалниот и техничкиот капацитет на електронскиот систем за јавни набавки,
- Воспоставување на нов концепт за спроведување на електронска аукција во постапките каде критериум за доделување на договор е економски најповолна понуда и зголемување на информираноста во врска со начинот на користење на новиот концепт на е-аукции,
- Зголемување на бројот на постапките кои се спроведуваат преку електронскиот систем за јавни набавки,
- Подобрување на начинот на доставување на известувањата за склучен договор и евиденциите на постапките со барање за прибирање на понуди со цел зголемување на транспарентноста,
- Воведување на нови електронски алатки во постапките за доделување на договор за јавна набавка согласно со директивите на ЕУ – електронски каталози и динамички системи на купување.

Компетенции и политики за човечки ресурси

БЈН ќе започне со консултации со Агенција за државни службеници со цел да овозможи севкупно прифаќање на компетенциите за набавки во целиот јавен сектор. Професионализацијата на дисциплината за набавки во државата бара прифаќање на стандардите на меѓународна основа. Затоа БЈН настојува да овозможи нејзините предлози за сертифицирање на вработените да ги исполнат овие барања.

Согласно член 14 од Законот за јавните набавки кој ги уредува активностите на БЈН, потребниот збир на компетенции е веќе изготвен.

Согласно стандардната практика за добро управување директорот на БЈН постојано ќе врши ревизија и, ако е потребно, прилагодување на раководната структура на БЈН со цел потполно да ги исполни своите обврски кон Владата.

Градење на капацитетите на договорните органи и професионализација на функцијата на јавните набавки

БЈН веќе осмили и спроведува сеопфатна програма на едукација за јавни набавки. Во наредниот тригодишен период БЈН ќе направи детална анализа на искуствата од спроведувањето на програмата за едукација и ќе преземе мерки за нејзино подобрување. Според плановите, Бирото ќе ја разбие постојната програма во неколку паралелни програми кои ќе бидат насочени кон одредени сегменти од јавните набавки, како и кон различни целни групи. Тоа ќе ги засегне сите сектори почнувајќи од самото Биро па сè до поширокатa професија за јавни набавки во јавниот сектор и економските оператори. Постоењето на добро обучени професионалци за набавки во јавниот сектор ќе доведе до значително намалување на предизвиците и појавата на корупција. Целата оваа активност треба да се реализира преку основаниот Центар за обука за јавните набавки. Неговото правно регулирање е од особена важност за да може овиј процес да биде успешен.

Збогатување на стручната литература за јавни набавки

БЈН ќе продолжи со создавањето и издавањето прирачници за јавни набавки и други помошни материјали согласно националните прописи, прописите на ЕУ и добрите практики. Оваа стручна литература ќе ги надгради напорите на БЈН за едукација на договорните органи и економските оператори со цел да се обезбеди дека истите работат според најсовремените ки најефикасните практики за јавни набавки.

Ефективен правен систем за јавни набавки

БЈН постојано ќе ги менува и подобрува моделите на стандардна тендерска документација, моделите на договори достапни на договорните органи и економските оператори со цел да се осигури дека тие се усогласени со моменталните најдобри меѓународни практики. Ова ќе се врши преку анализа на одлуките на Државната комисија за жалби по јавни набавки, пресудите на Управниот суд на Република Македонија и наодите на Државниот завод за ревизија.

Со преземањето на оваа активност БЈН има за цел да го поддржи економскиот раст на државата и нејзината деловна заедница со поефективна примена на јавните средства.

Поефективна корисничка поддршка

Со цел да создаде средина каде вработените нема да бидат одвраќани од исполнувањето на своите главни обврски поради *ad hoc* барања за помош од страна на договорните органи и економските оператори, БЈН има намера да создаде подобро структуриран систем за советување преку воспоставување на контакт центар кој ќе им овозможи на сите заинтересирани субјекти да добијат брзи одговори на прашањата на најефективен и најдоследен начин. Пропратниот процес на регистрирање на податоци ќе помогне да се определат клучните проблематични области и можните недоразбирања, а на тој начин БЈН ќе може да подготви сеопфатен и точен совет за справување со овие проблематични области како и со поопштите информирања.

Ефективна транзиција кон пристапувањето кон ЕУ

БЈН претставува главен носител на активностите поврзани со Поглавјето 5 од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и како таков ги поддржува нејзините напори за приклучување кон ЕУ. Бирото планира да работи континуирано и со ентузијазам во насока на исполнување на оваа цел и ќе промовира активности и политики кои ќе доведат до целосно усогласување со acquis.

БЈН ќе работи на зајакнување на сопствените капацитети со цел успешно отпочнување и спроведување на преговорите за стекнување на полноправно членство на Република Македонија во ЕУ, во делот на јавните набавки како централно прашање во функционирањето на внатрешниот пазар на ЕУ.

Градење на капацитетите на вработените во БЈН

БЈН ќе се труди да ги развие професионалните способности и квалификации на своите вработени и да ги зајакне нивните вештини за преговори, комуникација и распределба на задолженија. За да може ова да го искористи како основа за проширување, Бирото ќе практикува своите вработени да воспостават целосна соработка со договорните органи се со цел да ги набљудуваат и разберат процесите што се користат при набавките со цел да се измени и насочи поддршката на БЈН кон приоритетните области. Со цел да овозможи постојан и вистински совет за договорните органи и економските оператори, Бирото ќе тежнее да создаде сеопфатен систем за управување со документи и податоци.

За да го постигне горенаведеното, БЈН ќе започне програма за лична евалуација што ќе доведе до создавање на поединечен план за развој за секој вработен во Бирото. Ова е дополнителна мерка кон постоечкиот систем за годишни извештаи за државните службеници.

Подобрување на перцепцијата на јавноста за Бирото за јавни набавки

Медиумите, а последователно и поширокота јавност, можеби не ја разбираат во целост работата на БЈН и надлежностите согласно законот. Со цел да се измени оваа честопати негативна перцепција, Бирото активно ќе се вклучи во работа со медиумите и ќе започне програма за ангажирање и информативно комуницирање со цел да се подобри јавниот профил на Бирото како главен поддржувач на правилните постапки за јавни набавки и намалувањето на корупцијата на овој пазар.

Самоодржливост на Бирото за јавни набавки

Поради ограничените владини средства, а со цел да ги заштити инвестициите на граѓаните во јавните набавки, Бирото ќе настојува да обезбеди дополнители извори на средства каде е можно. На тој начин БЈН ќе ја зајакне својата финансиска независност, а со тоа и самостојноста во предлагањето на нови или подобрувањето на постојните политики за јавни набавки. Средствата ќе се користат за одржување и надградување на системот за јавни набавки.

Придонесот на Бирото за јавни набавки кон политиките на Владата и економскиот развој

БЈН ќе продолжи со својата проактивна улога во формулирањето на владините политики за јавни набавки. При тоа, БЈН ќе го одржи нивото на иновативни решенија кои ќе се нудат на креаторите на политики, а кои се уште не се имплементирани во националните систем за јавни набавки. Исто така, Бирото ќе се обиде да го зајакне своето влијание во однос на политиките за јавни набавки, а врз основа на својата стручност и професионалност.

Анти-корупциски мерки

Јавните средства отсекогаш се подложни на корупција и БЈН ќе им помогне на надлежните институции, како што се Државната комисија за спречување на корупцијата, министерството за внатрешни работи, јавното обвинителство и

слично, во откривањето и превенцијата на коруптивните дејствија во јавните набавки.

БЈН постојано ќе соработува со Комисијата за спречување на корупцијата и сите останати надлежни органи и активно ќе придонесува кон остварување на Државната програма за превенција на корупцијата.

Политики и одржливост на зелените набавки

БЈН е свесно дека ЕУ сè повеќе и сè поактивно ги промовира факторите за животната средина и одржливоста во рамките на јавните набавки и за да ги исполни придобивките на ЕУ (acquis), државата ќе треба да ги вклучи истите во својот систем на јавни набавки. Затоа БЈН ќе се консултира со соодветните организации и онаму каде е можно ќе ги вклучи договорените согледувања за животната средина и одржливоста во процесот на јавни набавки.

Заклучок

Со учеството на јавните расходи во бруто-домашниот производ, државата претставува важен економски фактор. Нејзините активности бројот и износот на финансиските трансакции во голема мера влијаат на целокупната економска активност во земјата и општеството во целина. Со цел, ова влијание да биде што е можно по позитивно и стимулирачко, интеракцијата на државата и на другите сектори треба да биде колку што е можно по ефикасна и правична. Целта на изработката на овој стратешки документ е унапредување на интеракцијата на државата и деловната заедница која се одвива во форма на јавни набавки.

Стратегијата за развој на системот на јавните набавки во Република Македонија првенствено е динамична и флексибилна во однос на своите цели и мерки, што е неопходно ако се има предвид комплексноста на сите постапки кои се одвиваат во системот за јавните набавки. Имено, важноста на правното уредување на областа на јавните набавки во Република Македонија подразбира пренесување на остатокот на *acquis communautaire* во националното законодавство со изработка на детални мерки за имплементација и нивна правилна примена, подигање на свеста за реформите кои се во тек и информирање на пошироката јавност за новините што се предвидуваат.

Целосната имплементација на оваа стратегија ќе овозможи:

- почитување на основните принципи на јавните набавки: транспарентност, недискриминација, конкуренција, еднаков третман, и остварување на најдобрата вредност за парите;
- подобрување на конкурентноста на пазарот на стоки, услуги и работи кои ги договара државата, вклучувајќи го и доделувањето на концесиите за работи и услуги;
- подобрување на процесот на организација и управување на набавките;
- обука и подобрување на вештини на лицата задолжени за јавните набавки со цел да се задржи мерливиот напредок постигнат во успешно спроведените постапки за доделување на договори;
- примена на нови технологии за поддршка на различни аспекти на јавните набавки (е-набавки);
- хармонизација на легислативата која ја регулира областа на концесиите со правото на ЕУ, притоа почитувајќи ги принципите на недискриминација, принципот на еднаков третман, транспарентност, взаемно признавање и пропорционалност, со цел да се зајакне пазарот на конкурентноста;
- обезбедување на соодветна правна заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки и постапките за доделување на концесии.

Број 01-1449/1

23.06.2010 година

Д и р е к т о р

М-р Маре Богева Мицовска, с.р.

Акциски план за спроведување на Стратегијата на Бирото за јавни набавки

ЦЕЛ	Бр.	Мерка	Надлежно тело
Унапредување на правната рамка	1.	Анализа на легислативата за јавни набавки (закон, подзаконски акти и модели на стандардни тендерски документи и модели на договори), со цел утврдување на потребата на натамошно усогласување и отстранување на техничките недостатоци	БЈН
	2.	Формирање на работна група составена од повеќе институции кои се поврзани со системот за јавни набавки (БЈН, ДКЖЈН, ДЗР, ДКСК, СЕП, СЗ, МЕ, КЗК и др)	БЈН
	3.	Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки Предлог измени на подзаконски акти Предлог измени на стандардни тендерски документи Предлог измени на модели на договори	БЈН
	4.	Анализа на легислативата за концесии на услуги и работи	БЈН

	5.	Интегрирање на концесиите во системот за јавни набавки	БЈН
Унапредување на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН)	1.	Анализа на функционалниот и техничкиот дел на ЕСЈН и негово натамошно унапредување	БЈН
	2.	Воспоставување на нов концепт за спроведување на е-аукција во постапките каде критериум за доделување на договор е економски најповолна понуда	БЈН
	3.	Зголемување на бројот на постапките кои се спроведуваат преку ЕСЈН	БЈН и Договорните органи
	4	Подобрување на начинот на доставување на известувањата за склучен договор и евиденциите на постапките со барање за прибирање на понуди	БЈН и Договорните органи
	5.	Воведување на нови електронски алатки (е-каталози или динамичен систем на купување)	БЈН
Компетенции и политики за човечки ресурси	1.	Предлог компетенции кои што лицата кои работат со јавните набавки треба да ги поседуваат	БЈН и АДС
	2.	Усвојување на компетенциите и нивно вградување во актите за систематизација на работни места кај договорните органи	БЈН и АДС

Градење на капацитети на договорните органи и професионализација на функцијата на јавните набавки	1.	Нацрт верзија на Прирачникот за јавни набавки	БЈН
	2.	Анализа на постојната Програма за едукација која ја спроведува и организира БЈН	БЈН
	3.	Развивање на повеќе наставни програми за едукација насочени кон одредени сегменти од јавните набавки и кон различни целни групи	БЈН
	4.	Реализирање на одредбите од законот кои се однесуваат на професионализацијата на лицата кои ги работат јавните набавки, преку издавање на посебни сертификати со кои се потврдуваат нивните стекнати знаења	БЈН
	5.	Развивање на формираниот Центар за обука за јавните набавки, во кој БЈН ќе спроведува обуки за идни обучувачи како и обуки за сертифицирање на лицата кои ги работат јавните набавки кај договорните органи и економските оператори	БЈН
Збогатување на стручна литература за јавни набавки	1.	Анализа на постојните прирачници и брошури со цел да се утврдат потребите од издавање на нови за област кои не се опфатени дотогаш или нивно унапредување	БЈН
	2.	Издавање на прирачници за одделни области од јавните набавки кои ќе им помогнат на договорните органи и економските оператори да ги надградат своите знаења	БЈН

Ефективен правен систем	1.	Анализа на стандардната тендерска документација и моделите на договори објавени на веб страната на БЈН	БЈН и ДКЖЈН
	2.	Анализа на одлуките на ДКЖЈН	БЈН и ДКЖЈН
	3.	Анализа на наодите и Извештаите на ДЗР	БЈН и ДЗР
	4.	Анализа на пресудите на Управниот суд	БЈН и Управен суд
	5.	Подобрување и изменување на стандардната тендерска документација и моделите на договори усогласени со ставовите на ДЗР, ДКЖЈН и Управниот суд	БЈН
Поефективна корисничка подршка	1.	Воведување на единствена телефонска линија за подршка	БЈН
	2.	Проверка на функционирањето на линијата и утврдување дали начинот на кои фукционира ги задоволува потребите на корисниците.	БЈН
Ефективна транзиција кон пристапувањето кон ЕУ	1.	Следење и ревизија на НПАА	БЈН и СЕП

	2.	Исполнување на обрските од НПАА	БЈН и СЕП
	3.	Усогласен систем за јавни набавки кој е усогласе со acquis	БЈН и СЕП
	4.	Оспособени кадри кои ќе бидат вклучени во процетот на преговори со ЕУ	БЈН
Градење на капацитети те на вработените во БЈН	1.	Анализа на професионалните спсобности на вработените во БЈН	УСАИД
	2.	Обука за стручно усовршување со кои би се зголемиле вештините на вработените за преговарање, за делегирање на работни задачи како и комуникациските вештини.	БЈН и донатор
	3.	Развивање на системот за следење на работните процеси во БЈН, систем за управување на документи	БЈН и донатор
	4.	Развојни планови за вработените	БЈН, Одделение за човечки ресурси
Подобрување на перцепцијата за јавноста на БЈН	1.	Промоција на позитивните ставови и гледишта за БЈН	БЈН и донатори

	2.	Обука за медиумите	БЈН и донатори
	3.	Подготовка на програма за информативно комуницирање на БЈН	БЈН и донатори
Самоодржливост на БЈН	1.	Нов начин на генерирање на приходи за користиње на ЕСЈН	БЈН
Придонес на БЈН кон политиките на Владата и економскиот развој	1.	Систем за јавни набавки кои ги почитува принципите на транспарентност, еднаков третман, недискриминација, кој придонесува за економски раст и негова одржливост, зголемување на вработеноста што се всушност и главни цели на Владат	БЈН
	2.	Промовирање на користењето на електронските средства во спроведувањето на постапките за доделување на договори, што се резултат на заложбите на Владата	БЈН
	3.	Предлагање на нови електронски алатки во јавните набавки	БЈН
	4.	Следење на новините на европско и меѓународно ниво и предлагање на истите пред Владата на РМ	БЈН

Анти-корупциски мерки	1.	Учество во подготовката и реализацијата на Државната програма за превенција на корупцијата која ја изготвува ДКСК	ДКСК и БЈН
	2.	Известување на надлежните државни органи (ЈО, МВР и ДКСК) за идентификуваните потенцијални случаи на корупција	БЈН
Политики на одржливост на зелените набавки	1.	Усвојување на политиките на ЕУ кои се однесуваат на зелените набавки и нивно промовирање во системот за јавни набавки на РМ	БЈН